ΜΑΚΕΔΟΝΚΑ







Петар Тодоров

ИСТОРИСКИ НАРАТИВИ

Наративите за минатото: за историјата и историското паметење во „Македонка“

Вовед

> „На 2 август – Илинден 1903 година, над македонската земја изви луња. Робовите се дигнаа на гневна борба против вековниот тиранин – султанот. Во страшниот виор на борбата Сребра чуствуваше во себе крила на бестрашна орлица. Сред тресокот на бомбите и пукањето на пушките јарката свила на нејзината коса се развеваше како знаме. Така кротката гулабица во суровите планински бури станува смела орлица."

Овој извадок од текст насловен „Сребра комитката", напишан од писателот и историчар Ѓорѓи Абациев, е објавен во претпоследното издание на списанието „Македонка" во 1951 година.[1] Наративот во текстот ја претставува Сребра како жртва на „турското ропство" и суровоста на Џељо Реџеп поради што таа зема учество во борбите на четата на Ѓорѓи Сугарев, формирала женски групи за помош на македонската револуционерна организација за шиење алишта и снабдување со храна. Како официјален орган на Антифашистичкиот фронт на жените (АФЖ), списанието „Македонка" содржи значителен број текстови со иста или слична содржина во кои тема е историјата, активното учество на жените во историјата, особено нивното учество во историските настани од поблиското минато на македонскиот народ или, пак, револуционерната и народноослободителната борба на македон-

1 Георги Абациев, „Сребра комитката", год. 7, бр. 81-82 (1951), стр. 1-2.

скиот народ, како и за минатото на интернационалното социјалистичко или женско движење пред Втората светска војна.

Од досегашните анализи што се направени во проектот „Архиви на невидливите 2.0“ може да се види важната улога на „Македонка“ во демистифицирањето на македонската жена како безличен и безимен дел од историјата, но и на неговата важност во проучувањето на социјалистичкиот период и режим во првите повоени години (Хаџиевска и Коцевска, 2022). На овој начин, преку уредувачката политика на „Македонка“, поточно политиката на АФЖ и следствено политиката на Комунистичката партија на Македонија, може да се следи како се создава новиот историски наратив и новото историско сеќавање што има цел да обезбеди место и нова улога на жената во дотогаш доминантното патријархално општество и дотогаш доминантната и исклучива „машка“ историја. Како што заклучуваат истражувач(к)ите на проектот „Архиви на невидливите 2.0“, оваа еманципаторска политика и улога што ја одиграла „Македонка“ се реализирала преку повеќе аспекти: политичка еманципација и издигнување, образовни политики, социјална и здравствена политика и книжевни аспекти (Хаџиевска и Коцевска, 2022).

Во продолжение на претходните истражувања, овој текст се обидува да го анализира историскиот наратив во „Македонка“. Тој претставува дискурзивна анализа на содржините во „Македонка“ во кои се раскажува минатото. Поточно, главното истражувачко прашање се однесува на начините како се гради новиот историски наратив и историското сеќавање. Во фокусот се наративните стратегии во пишувањето на историјата во новиот социјалистички и феминистички контекст, а со тоа на кој начин текстовите за минатото придонесуваат во политиката на еманципација и вклучувањето на жените во историјата и какво место добива жената во историјата? Еднакво важно е и прашањето како текстовите за минатото и пораките што ги

праќаат тие се вклопуваат во општиот политички дискурс во повоените години?

Во однос на овие прашања, содржината на „Македонка“ може да се подели на два дела. Во првиот дел припаѓаат текстови што се однесуваат на подалечното минато, а вториот дел на текстови што обработуваат историски теми, кои, меѓу другото, служеле и за идеолошка легитимизација на новиот социјалистички режим. Притоа, во текстови од овој втор дел среќаваме три главни теми во пишувањето на историјата. Првата тема е историјата на Македонија, поточно македонската народноослободителна борба во илинденскиот период. Во нив, текстовите на „Македонка“ главно се осврнуваат на илинденскиот период, на учеството на жената во илинденскиот период, како и на Гоце Делчев, кој, пак, е претставен како главен симбол на борбата на Македонците против Османлиската Империја и идеализиран на ниво на народен водач. Покрај народноослободителната борба од илинденскиот период, текстовите на „Македонка“ посветуваат особено внимание на историјата на НОБ, поточно на борбата против фашизмот. Во случајот со антифашистичката борба, „Македонка“, како и други гласила од тој период, има улога да ја пишува историјата на НОБ и на тој начин да го чува сеќавањето на борбата и жртвите кои припадниците на партизанското движење и КПМ ги дале за создавањето на македонската држава. Инструментализацијата на текстовите за политички потреби на новиот режим се прави и преку градењето на претставите и улогите кои соседните држави ја имале во историјата на Македонија. Така, во контекст на илинденскиот период, на НОБ, но и на периодот на Информбировската резолуција против социјалистичка Југославија (Федеративна Народна Република Југославија) во текстовите се споменува и за улогата на соседните држави (Бугарија и Грција). Трета тема се однесува на идеолошката борба на комунистите и правата на жените. Поточно, на Октомвриската револуција и меѓународната борба на жените за рамноправност и празнувањето на 8 Март.

Авторите на комеморативните текстови и текстовите во кои се раскажува минатото се главно мажи. Станува збор за писатели и книжевници, но и историчари. Помеѓу нив ги наоѓаме Ангел Динев, публицист и историчар припадник на македонското револуционерно и партизанско движење, првите директори на Институтот за национална историја основан во 1947 година, Митко Зафиров(ски) и Ѓорѓи Абаџиев, но и високи членови на Комунистичката партија на Македонија, како на пример Благоја Поповски. Несомнено, како и во случајот со активностите на АФЖ што зависеле од инструкциите што биле давани од Комунистичката партија и од Народниот фронт раководени од мажи, така и текстовите во списание што имало цел еманципација на жените и давање место на женскиот глас во општеството се пишувани главно од мажи. Така, оние што во своите раце ќе земат печатен примерок или кои преку електронски уред ќе ја читаат „Македонка“ не треба да ги чуди користењето изрази како „браќата од Пиринска Македонија“ или, пак, „браќата во Егејска Македонија“, кои се користат во контекст на информирање на читател(к)ите на „Македонка“ за положбата на Македонците и Македонките во соседните држави во текот на Граѓанската војна во Грција и во Бугарија по изгласувањето на информбировската резолуција.[2] Ретки се текстовите напишани и потпишани од жени. Оние што не се потпишани, всушност, се текстови на уредништвото на списанието, а тоа биле Веселинка Малинска, Вера Николова и Благојка Демниева.

2 *Пет години на нашата република*, год. 5, бр. 56, (1949), стр. 2. Користењето на изразите „браќата во Пиринска Македонија“ и „браќата од Егејска Македонија“ е авторски текст на редакцијата чиј главен уредник на овој број е Вера Николова.

1. Историјата на подалечното минато

Малку се на број темите за подалечното минато. Пред сè, тие имаат информативен и едукативен карактер. Како, на пример, текстот насловен „Од минатото на Скопје“, кој, како што сугерира насловот, се однесува на историјата на градот Скопје. Станува збор за многу краток осврт на историјата од антиката до средината на 20 век.[3] Како резултат на идеолошката поврзаност на социјалистичка Југославија и улогата и угледот што Советскиот Сојуз на Социјалистичките Републики (СССР) ја имал кај македонските и југословенските комунисти во „Македонка“ е објавен текст по повод 800 години од основањето на Москва. Во овој краток текст на половина страница дадени се главните историски настани во историјата на градот од неговото прво споменување во историските извори до прогласувањето на главен град на СССР.[4] Сличен текст од информативен карактер е објавен за значењето на терминот *Партизан*, при што се објаснува појавата на терминот, неговото значење и се нудат примери од античкиот, средновековниот и модерниот период од минатото. Сепак, за разлика од текстот за минатото на Скопје и Москва, овој текст е на идеолошка линија на југословенскиот социјалистички режим што се воспоставувал во тој период и кој имал потреба од легитимизација во општеството. Поаѓајќи од ова разбирање, но и од значењето на југословенското партизанско движење во антифашистичката борба во Европа во овој текст најголемо внимание е посветено на југословенските партизани што е посочено како најзначајно во Европа за кои се вели дека:

3 А. Урошевиќ, „Од минатото на Скопје“, год. 6, бр. 70-71, (септември-октомври 1950), стр. 8-9.

4 *800 години на Москва*, год. 4, бр. 35, (септември 1947), стр. 11.

„...тргнувајќи по примерот на нашите партизани, почнаа патриотите на другите поробени европски земји да се борат против Германија“.[5]

Исто така, текстовите за Скопје и Москва не содржат ниту идеолошки или политички формулации за одредени историски периоди и политички формации (држави, кралства или империи). Овој пример е редок исклучок од практиката на пишување текстови во „Македонка“, но и општо во пишувањето на историјата во повоениот период што е под силно марксистичко влијание и разбирање на минатото.

Сепак, во „Македонка“ постојат идеолошки обременети текстови за подалечното минато. Тие се објавени по повод одреден празник или настан преку кои „Македонка“ одигрува улога во одбележувањето на значајните датуми за историјата на Македонија и македонскиот народ, но и за револуцијата и воспоставувањето на социјалистичката власт. Наративите во овие текстови се приспособени на идеологијата и контекстот на времето. Таков пример наоѓаме во текстот насловен „Првите славјански просветители“, кој се однесува на словенските просветители Св. Кирил и Методиј. Текстот е објавен по повод 24 Мај, денот на Св. Кирил и Методиј, и 3 мај, денот кога во 1945 година федералната влада на Македонија ја донела одлуката за македонска азбука. Покрај селективно дадените информации за животот и дејноста на Св. Кирил и Методиј, нивната историска улога е доведена во контекст на антифашистичката борба во Втората светска војна. Имено, станува збор за месец и година кога нацистичка Германија капитулирала, а целиот број е посветен на овој настан и победата над фашизмот во Европа:

„...полека и напоредно се развиваа првите почетоци на литературно творчество кај славјанските народи, што се поцврст ја сврзујат славјанската културна општност. Сето това никнуеше на здравата основа, поставена од светите бракја Кирил и Методи...

5 *Партизан*, год. 1, бр. 2, (декември 1944), стр. 28.

...Победата над фашиска Германија значи спас на културата и животниот опстанак, на прво место, на славјанските народи, зашто во крвавиот план на хитлеристите беше да го истребат славјанството...

...со тоа тие [словените] ја запазија и својата култура, што во основата и лежи делото на Кирил и Методи, и си откриј нови перспективи за буен развој на општославјанската култура..."[6]

6 Блажо Конески, „Првите славјански просветители", год. 2, бр. 7, (мај 1945), стр. 4.

2. Историјата на илинденскиот период

Многу повеќе историски содржини наоѓаме за втората тема, поточно за илинденскиот период. Илинден и главните личности од овој период (Гоце Делчев, Јане Сандански и други) секогаш се споменуваат во контекст на НОБ и служат за легитимизација на НОБ и градење континуитет во борбата на македонскиот народ за своја држава. Уште на почетокот од постоењето на „Македонка“ во 1945 година, уредувачката политика одлучува во еден текст насловен „Илинден 1903 = 1944“ да се објават содржината на манифестот на Илинден и АСНОМ.[7] Станува збор за манифестот на Крушевската република од драмскиот текст *Илинден* од 1923 година, чиј автор е Никола Киров Мајски. Овој прилог не содржи коментар, туку само паралелно претставување на текстовите на двата манифеста.

Првиот авторски текст посветен на историјата на Илинденскиот период е објавен следната година во мај кога се одбележувала годишнината од смртта на Гоце Делчев. Смртта на Гоце Делчев и неговата борба се споредени во контекст на НОБ и создавањето на социјалистичка Југославија – Федеративна Народна Република Југославија:

> „...македонскиот народ во народна република Македонија не е можел да се одолжи подобро на Гоце, Сандански и др. борци за слободата на македонскиот народ од тоа што доследно и решително е водил борбата за слободата на македонскиот народ, не е можел да се подобро одолжи од создавањето на Народна Република Македонија во Федеративна Народна Република Југославија. Поубав паметник на големите синови на нашиот народ не ке можиме да им подигнеме.

7 *Илинден 1903-1944*, год. 2, бр. 8-9, (јуни-јули 1945), стр. 8-9.

...така он [македонскиот народ] веруе да под неговото [Јосип Броз Тито] раководство во братската заедница со југословенските народи ќе го оствари идеалот на Гоце, Сандански и сите наши борци...“[8]



Пренос на телните остатоци на

Гоце Делчев

во слободна Македонија

На 11 октомври-денот на народото востание - остатоците на телото на великиот син на Македонија - Гоце Делчев се сложени за век во земја во која тој расна, живееше и за која го даде свој скап живот.

Не случајно денот на погребението се паѓа во ден на големиот - општонароден празник, денот на кој пред пет години македонскиот народ стана одлучно во борба за да си ја конечно извојуе слободата. 11 октомври 1941 год. ги реализира идеалите на Гоце Делчев, кои тој работеше несебично и постојано за општо народно востание во Македонија кое да се повржи со прогресивните сили на други братски народи.

Илинденската организација во Бугарија, која до сега ги чуваше коските на Гоце Делчев, ги предаде на нашата Народна Република Македонија. На 6 октомври, коските на големиот револуционер без предавени на делегацијата на нашата народна влада.

Саркофагот со моштите пренина низ Пиринска Македонија испраќан од целиот народ со длабоко почитание, за да биде пренесен во слободната земја и сарнен во Скопје во дворот на црквата Св. Спас.

По тој случај се откри во паркот паметник на Гоце Делчев, виден спомен и признание на маке донскиот народ кон својот велик правборец и најсветлата фигура во миналото.

Текстовите за Гоце Делчев по повод годишнината од неговата смрт продолжуваат да се објавуваат и во следните броеви. Во 1946 година објавен е текст за Гоце Делчев и по повод пренесувањето на неговите мошти од Софија во Скопје во октомври истата година. Врската помеѓу борбата и идеалот на Гоце Делчев и НОБ останува главна порака што овие текстови целат да ја испратат до нејзините читатели и особено читателки. Притоа, во зависност од политичкиот контекст, текстовите содржат пораки што се одраз на тогашните политички одлуки и планови на КПЈ. На пример, петгодишниот план за развој на Југославија:

„Денеска кога си спомнуеме за Гоце, Сандански и други борци со чисто срце и со гордост можеме да кажеме, дека нашиот народ само по патот на братска дружба на нашите народи и планска изградба на нашата земја се одолжуе и ќе се одолжуе и понатака на великиот Гоце“.[9]

8 Благој Поповски, „Гоце Делчев“, год. 3, бр. 19, (мај 1946), стр. 13.

9 *Пренос на телните остатоци на Гоце Делчев во слободна Македонија*, год. 3, бр. 24, (октомври 1946), стр. 2.

Истите пораки ги среќаваме и во други броеви каде што повторно по неговата важност Илинден од 1903 година се изедначува со Илинден од 1944 година, кога е одржано Првото заседание на АСНОМ во манастирот „Св. Прохор Пчински“, а историјата и настаните од минатото, како што пренесува „Македонка“, служат за легитимизација на новата власт во Македонија и на социјалистичка Југославија, која преку борбата на „работничката класа на Македонија“ во лицето на Комунистичката партија на Македонија како нова сила го остварила „братството и единството на народите на Македонија и Југославија“:

> „...Македонскиот народ прославуејќи го денеска Илинден, се ветува дека братсвото и единството на народите на Југославија, федеративното уредуење на Југославија ке го чува како зеница во окото, оти знај да единството на ова и ваква Југославија – Титова Југославија е гарантира слободата на македонскиот народ“.[10]

Овие пораки и инструментализирање на историјата треба да се толкуваат во општествено-политичкиот контекст на првите повоени години. Покрај декларираните ставови и политика на континуитет на борбата на македонските комунисти со онаа на илинденците, новата власт се соочува и со политичка опозиција претставена како ВМРО или Ванчо Михајлов (михајловисти), која се спротивставувала на идејата за Македонија во рамките на Југославија и ја обвинувала новата власт за „србизација“ на Македонија. Презентираните примери ја покажуваат важноста на Илинден во реториката на новиот режим. Исто така, треба да се спомене дека некои студии за Илинден и градењето на наративите за илинденскиот период по војната (Brown, 2003) споменуваат за 1948 година како важен момент за раководството на социјалистичка Југославија и Македонија да ги поврзат двата Илиндена поради стравување на бугарска инфилтрација по раскинот во односите помеѓу Тито и Сталин.

10 Вера Николова, „Илинден“, год. 3, бр. 21-22, (јули-август 1946), стр. 17.

Сепак, овие, но и други примери надвор од „Македонка“, укажуваат дека овој пристап е присутен уште на почетокот во создавањето на партизанското движење и социјалистичка Македонија во години кога тие граделе и имале добри односи со нивните идеолошки сојузници од Татковинскиот фронт (*Отечествен фронт*) во Бугарија. Меѓутоа, она на што политиката и Информбировската резолуција директно ќе влијае на уредувачката политика на „Македонка“ е промена во реториката за улогата и карактерот што Бугарија го имала во историјата на Македонија.

Токму овие промени се втор важен момент во овие текстови што се однесуваат на илинденскиот период. Поточно, промени во термините и квалификациите што се користат во дефинирањето на одредени држави и/или во текот на илинденскиот период, но, како што ќе покажам, и во текот на НОБ. Поаѓајќи од марксистичката идеологија и разбирањето на минатото низ оваа идеолошка призма, но и тогашното разбирање за историјата, османлиското присуство и власт на Балканот често се нарекува „турско ропство“, а политиките на соседните држави како „големобугарски“ или „големосрпски“ завојувачи. Така, на пример, во првите години по војната сè до крајот на 1946 година за Бугарија во текстовите се користат следниве термини: „големобугарски завоеватели“, „великобугарски империјализам“ и слично. Во следниот период до појавата на Информбировската резолуција овие термини исчезнуваат од содржините на „Македонка“. Притоа, тоа не е само случај во текстовите посветени на минатото туку и во оние што се однесуваат на политичките настани од тој период. Во овој период, во текстовите за минатото се истакнува социјалниот аспект на борбата на Гоце Делчев и илинденците, која, според авторите, била насочена против „агите и чорбацииите“ и против „деспотизмот“.[11] Термините како што е „великобугарски поробувачи“ и слично повторно се појавуваат по 1948 година, поточно по изгласувањето на Информбировската резолуција и влошувањето на односите помеѓу

11 *Гоце Делчев*, год. 4, бр. 30-31, (април-мај 1947), стр. 17.

Југославија и земјите од Источниот блок. Во однос на другите соседи, Србија и Грција, исто така среќаваме слични термини, „великосрпски“ или „великогрчки“ империјализам и/или политика. Притоа, за Грција овие термини се речиси постојано присутни во содржините на „Македонка“ што се однесуваат на политичките настани од тој период. Причините за ова треба да се бараат во Граѓанската војна во Грција и односот на Грција кон македонското население, но и поради идеолошките разлики во уредувањето на двете држави.

Трет важен момент во однос на илинденскиот период е она што претставува главна цел на списанието и кое се посочува во претходните истражувања на „Македонка“, а се поклопува и со пристапот на градење континуитет помеѓу двата Илиндена. Станува збор за еманципаторската улога на „Македонка“ и давањето место на жените во историјата. Во контекст на ова истражување, но и на претходните, треба да се спомене дека за учеството на жените во Илинден се пишувало и пред појавата на „Македонка“, но во сосема друг општествено-политички контекст од овој кога излегува „Македонка“ Станува збор за списанијата „Илустрација Илинден“, „Луч“ и „Смена“ (Хаџиевска, 2021).[12] Примерот со Сребра споменат на почетокот од овој текст е еден од многуте што биле дел од политиката на политичка еманципација и издигнување на жената и нејзино активно учество во политичките процеси и која, како што воочува една од главните истражувачки на „Архиви на невидливите 2.0“, Ивана Хаџиевска, жената „станала дел од историјата“, а текстовите за Сребра и другите комитки од илинденскиот период и борки од НОБ треба да бидат потврда за нејзиното учество во „народната социјалистичка револуција“, која во 1944 година резултирала со создавањето на македонската република. Исто така, во анализата на политичкиот аспект, Хаџиевска добро воочува дека

12 Станува збор за списанија што имале различна идеолошка цел. Според Ивана Хаџиевска, појавувањето на жените во „Илустрација Илинден“ е поврзано со нивно препознавање како дел од блиското колективно минато со цел да го користат за мобилизација и кохезија на членовите на нивната група составена главно од мажи. Додека во „Луч“ и „Смена“ жените се споменуваат повеќе во контекст на актуелните модернизациски процеси во кралството Југославија.

во уредувачката политика на „Македонка“ жените се дел и од политиките на сеќавање и градењето на новиот македонски етнонационален историски наратив што, меѓу другото, правел континуитет помеѓу илинденскиот период и НОБ (Хаџиевска, 2022), што се гледа од примерите што се дадени во овој прилог за „Македонка“. Текстовите што го третираат ова прашање ги опишуваат активностите и улогите кои жените, мајки, комитки, борки ги имале во текот на илинденскиот период и во текот на НОБ. Во овие текстови жените се активно вклучени во борбите и во помагањето на четите:

> „Македонската револуционерна организација, како сенародна организација, не се базираше само на мажите од селото и градот, во неа активно учествуваа уште од почетокот на создавањето на организацијата и жените. Жените играа голема улога во востанието, било со својата уголемена полска работа, каде го заместуваа и својот другар, било како курир, која работа ја вршеа многу поуспешно од мажите, или пак во својата грижа за востаниците, како добри јатачки, или како активни соучеснички во востанието, како организатори на востанието или пак како добри и храбри четнички“.[13]



13 Љ. Левкова, „Жените во македонското национално-ослободително движење во пред Илинденското востание“, год. 5, бр. 45, (мај 1948), стр. 3.

Друг сличен пример читаме во текстот насловен „Жените во Илинденската епопеја“ од Ангел Динев. Во овој текст споменати се десетина жени учеснички во борбите против османлиската власт во периодот пред и после Илинденското востание. Како и во другите погоре посочени примери, текстот на крајот ја поврзува борбата од илинденскиот период со онаа во Втората светска војна:

> „Сите овие карактерни црти на Македонката во ослободителната борба против Турците се покажа и во борбата против фашистите и новите поробувачи на Македонија – великобугарите, против кои нашите мајки и к’ерки се бореа и умираа за слободата што ние денеска ја имаме во Народна Република Македонија во составот на Федеративна Народна Република Југославија“.[14]

Овој нов пристап е присутен насекаде во општеството и политиките на КПМ во однос на местото на жената во новото општество што тие почнале да го градат и да го развиваат. Во досието на илинденските пензии што новата власт ги доделувала на учесниците во илинденскиот период, жените кои поднесувале барање наведувале дека биле составен дел од борбата и активностите на револуционерната организација и како курирки, јатачки, приготвување храна и слично. Примерот на Пашка или Параскева Костова Бојаџиева-Лапе најдобро ја покажува оваа нова политика и промена. Имено, таа во барањето за илинденска пензија што го испратила до бугарските власти во 1943 година како причина да добие пензија единствено наведува дека била сопруга на илинденец за разлика од барањето за илинденска пензија што го доставила до македонските власти во 1948 година, каде што навела дека во илинденскиот период таа самата помагала на комитите, готвејќи, перејќи алишта и носење писма (Македоно-одрински свидетелства, 2022, 331-332; Илинденски сведоштва, 2016, 600).

14 Ангел Динев, „Жените во Илинденската епопеја“, год. 7, бр. 69, (мај 1950), стр. 1-2.

3. Историјата на Народноослободителната борба (1941-1945)

Во текстовите за НОБ среќаваме слични или исти пристапи и примери во реториката како за илинденскиот период. Меѓу овие примери се и промените во користењето на термините кон соседите и особено кон Бугарија што се особено забележливи и во текстовите за историјата на НОБ, особено во текстовите што се однесуваат на политичките настани и говори на Јосип Броз Тито или Лазар Колишевски во кои се споменува минатото и борбата на илинденците и партизаните, а „Македонка“ и другите списанија и институции биле форуми каде што книжевници, историчари, учесници во НОБ ја пишувале историјата на Револуцијата, на КПЈ, КПМ и на НОБ. Покрај фокусот на жената и нејзината улога и придонес во НОБ, кој, како што покажува Мања Величковска во нејзиното истражување за женските ликови во книжевните прилози жената, најчесто се појавува во улога на „мајка, сопруга и теренска борка“ (Величковска, 2022, 191), во текстовите среќаваме описи на борби што партизанските единици ги воделе против бугарските, италијанските и германските војски, како и поединечни настани преку кои се чествувала жртвата на партизани прогласени за народни херои. Овие текстови повеќе можат да се најдат во првите години од излегувањето на „Македонка“. Карактерот на описот на партизанските борби и жртвите кои ги дале тие во борбите е херојски и содржи елементи на митски карактер. Во оваа фаза важен за споменување е текстот насловен „Се ближи 11 октомври најрешителниот ден за македонскиот народ“. Во овој текст се промовира толкувањето за минатото, поточно почетокот на востанието и улогата на тогашното раководство на покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија што ќе доминира во македонската национална историографија сè до 1990 година. Имено:

„Уште во првите денови на окупацијата, непријателот настојаваше да го оддели, изолуе македонскиот народ од другите југословенски народи. Това тој го направи и со другите народи, (Хрвати, Словенци и др.) но во Македонија најде специјално подготвен терен. Преку предателите на нашиот народ тој настојаваше да го убедуе народот дека неговата судба од секога била врзана за Бугарија, дека сме Бугари. Во тој табор лугје се најдоа дури и тие кој до тогај се тупаа во гради и увераваа дека се истински народни борци. И такви се најдоа на страната на окупаторот и се опитаа да го оделат со китајски зид македонскиот од другите словенски народи“.[15]

Овој текст во продолжение ги дава основните информации за развојот на македонското партизанско движење, а датумот 11 Октомври и почетокот на востанието се смета за клучен настан без кој не би постоел ниту 2 август 1944 година, кога се конституира македонската република во рамките на Југославија. Една година подоцна и по повод одбележувањето на 11 Октомври, „Македонка“ на првата страница објавува нов текст за овој настан. Како и во претходниот пример, така и сега се истакнува заедничката борба на македонскиот народ со другите југословенски народи и значењето на КПЈ, која, како што се вели во текстот:

„Решителната улога во ослободителната борба на нашиот народ ја одигра Комунистичката партија на Југославија, кој единствено имаше правилен став по националното прашање и зад која стоеја демократските маси на нашите народи“.[16]


Уште еден пример што укажува на сличности во реториката помеѓу текстовите за Илинден и Гоце Делчев и НОБ е

15 *Се ближи 11 октомври најрешителниот ден на македонскиот народ*, год. 2, бр. 10-11, (август-септември 1945), стр. 4-5.

16 *11 октомври*, год. 3, бр. 24, (октомври 1946), стр. 1.

тоа што прославата и одбележувањето на 11 Октомври често се поврзува со тогашните политички предизвици и проблеми на социјалистичка Југославија:

> „...Македонскиот народ исто така будно пази на задкулисната игра на светската реакција предводена од Англо-американскиот блок, по прашањето на донесување на правилен и вечен мир. Тој заедно со останалите југословенски народи тражи од мировната конференција да Трст и Јулиска Крајина бидат слободни и се прикључат кон Југославија“.[17]



Следната година 11 Октомври е споменат во краток текст што потсетува на значењето на овој датум и неговата прослава во Републиката. Она што може да се забележи во последните три споменувања на овој празник е дека се избегнува споменувањето на Бугарија и нејзината политика во Втората светска војна и кон македонскиот народ. Местото и улогата на Бугарија како негативниот во историјата се враќа во текстовите за 11 Октомври дури по изгласувањето на Информбировската резолуција:

17 Ibidem.

„На 11 октомври кога нашиот народ ја чу првата осветничка пушка, 'слободата' облечена во германско или бугарско руво му се стори уште поцрна, потешка – неиздржлива".[18]

Новиот политички контекст резултира со нови пораки за значењето на 11 Октомври.

„Денеска ние повек'е од секој пат, к'е ги збиеме своите редови во изградбата на социјализмот во нашата земја и 11 октомври – нашиот голем празник к'е го дочекаме со нови работни победи. Тоа к'е биде како одговор на неоснователните обвинениј на Информбирото."[19]

Овие пораки ги среќаваме и во следните броеви и текстови посветени на 11 Октомври и историјата на овој значаен настан во создавањето на македонската република. Исто така, во текстовите и говорите што се однесуваат на Втората светска војна и се дадени во „Македонка" воочливо е екстензивното споменување и поврзување на Бугарија во негативен контекст. Така, по првата фаза што трае до почетокот на 1946 година се среќаваат термини или толкувања во кои Бугарија и нејзината политика во текот на Втората светска војна се дефинира како „бугарските фашисти", „големобугарските империјалисти", „буржоаски национализам", „антимарксисти", „великобугарски окупаторски апарат" и слично. Во период од година и пол, сè до 1948 година, овие термини полека исчезнуваат од содржината на „Македонка", за да се појават повторно по 1948 година и раскинот помеѓу Тито и Сталин. Се чини дека политиката на добри односи пред и кратко по склучувањето на Бледскиот договор во 1947 година влијаел на уредувачката политика во „Македонка" и именувањето и толкувањето на улогата што Бугарија ја играла во историјата на Македонија.

18 *11 октомври*, год. 5, бр. 46-47, (август-септември 1948), стр. 1.

19 Ibidem.

4. Историјата на комунистичкото движење и 8 Март

Последната, трета тема се однесува на комунистичкото движење (Октомвриската револуција) и меѓународното движење и борба за права на жените (8 Март) и пишувањето на женската историја. Како и во претходните теми, така и во оваа тема од минатото среќаваме сличности. Што се однесува до историјата на Октомвриската револуција, главната цел на содржините на „Македонка“ е комеморативно одбележување на тој настан што секоја година се одбележувал на 7 ноември. Притоа, во овие текстови се даваат причините за почетокот на револуцијата и главните настани. Она што е воочливо за овие текстови, а денес целосно отсутно од наративот за Октомвриската револуција, е истакнувањето на припадноста кон словенството во контекст на антифашистичката борба:

> „7 ноември е празник на словенските народи, кои покажаа да ние не сме гјубре по кое Хитлер гази, а да сме народи, кои имаат своја иднина, кои имаат свој пат, кои имаат и кои да ги води по тој пат.
>
> 7 ноември е празник на Југословенските народи, со ними празник на Македонскиот народ, кој за сето време на татковинската војна се бореше против фашистичката чума и на тој начин помогна на Црвената армија...“[20]

Овој вид описи во кои се глорификува Октомвриската револуција и историјата на комунистичкото движење е присутно и во другите текстови што биле објавувани секоја година во октомврискиот или ноемврискиот број на „Македонка“. Исто така, како што може да се прочита во последниот дел од горниот извадок

20 *28 годишнина*, год. 2, бр. 12-13, (октомври-ноември 1945), стр. 3.

во наративот, често се велича и Црвената армија. Овие описи се повторуваат и во следните текстови по повод годишнината на Октомвриската револуција.[21] Меѓутоа, со раскинот на односите помеѓу СССР и социјалистичка Југославија во содржините на „Македонка“ веќе нема место за Октомвриската револуција и Црвената армија, ниту, пак, за Сталин и советското политичко раководство. Нивното место се пополнува со текстови што ја осудуваат советската политика кон Југославија, но и повеќе текстови за Југословенската народна армија, која ја има улогата на чување на државата од нападите на СССР и неговите сојузници кои биле чести во тој период.[22] Последен текст за Октомвриската револуција е објавен во 1948 година на почетокот на Информбировската резолуција. Меѓутоа, овој текст многу се разликува од претходните. Недостигаат митските елементи во опишувањето на улогата на Црвената армија или, пак, за историските настани во текот на револуцијата. Фокусот е ставен на позитивната улога на марксизмот-ленинизмот и на братството на советските народи што им овозможило да ја совладаат фашистичка Германија. Веднаш по овој, следува текст во кој се зборува за братството на југословенските народи.[23]

Што се однесува до текстовите за историјата на 8 Март како ден кога се одбележува меѓународниот ден за економска, политичка и социјална рамноправност на жената, тие ја имаат истата улога и цел како оние за Октомвриската револуција, а тоа се комеморативни текстови во кои се укажува на придобивките од таа борба и значењето на 8 Март. Исто така, оваа тема е интересна во анализата на содржините на „Македонка“, бидејќи преку пишувањето за оваа историја се спроведувала еманципаторската политика на КПМ и АФЖ. Така, уште во првите броеви се објавуваат текстови со кои се одбележува овој ден. Притоа, во

21 *30 годишнина на Октомвриската Револуција*, год. 4, бр. 36-37, (октомври-ноември 1947), стр. 8.

22 Потпоручник Милица Чулафич, „Дваесет и втори декември – ден на југословенската армија“, год. 6, бр. 61, (1949), стр. 5-6.

23 *Пријателство на советските народи: по случај на 31 годишнината од Октомвриската социјалистичка револуција*, год. 5, бр. 48, (декември 1948), стр. 3.

текстовите среќаваме и историски податоци за првите обиди да се одбележи 8 Март, за положбата на жената пред 1944 година и ослободувањето на Македонија. Како и во претходните примери, заслугите за одбележувањето на 8 Март се припишуваат на првите борки за правата на жените Клара Цеткин и организациите што се бореле за овие права, но и на КПЈ и политичкото раководство на Југославија.[24] Во следните броеви текстовите за 8 Март се фокусираат на чинот на одбележување на празникот во разни градови, а во годините на Информбировската резолуција текстовите се поврзуваат и со предизвиците и борбата што жените од Југославија треба да ја водат во услови на „агресивната политика на Советскиот сојуз".[25]

24 *Прв 8 март во слобода*, год. 2, бр. 5-6. (март-април 1945), стр. 7; *Како настанал меѓународниот женски ден 8 март*, год. 2, бр. 5-6, (март-април 1945), стр. 24.

25 *Борба за праведен мир и готовност да се брани независноста на нашата земја, е осмомартовскиот завет на сите југословенски жени*, год. 7, бр. 76, (март 1951), стр. 1-2.

Заклучок

Прегледот на содржината на „Македонка“ и пристапот кон прашањата од минатото покажуваат две важни работи. Првата, дека женската приказна за историја во „Македонка“ не е имуна на политичките настани и процеси. Текстовите што се однесуваат на минатото, особено на политичката историја на македонскиот народ, се инструментализирани за идеолошка и политичка легитимизација на режимот во зависност од политичкиот контекст и општествено-економска состојба и потреба. Втората важна работа е еманципаторската улога, поточно пристап во пишувањето на историјата преку кој жената добива свое место во историјата. „Македонка“ е само еден од неколкуте форуми преку кои тогашниот режим ја спроведувал својата политика и градел нови претстави за минатото, поточно преку кој се пишувал новиот историски наратив.

Од анализата на содржините за минатото може уште да се заклучи дека овие текстови промовираат и мошне поделено гледање на минатото што е претставено низ призмата црно-бело. Притоа, национализмот што е толкуван низ призмата на марксизмот и кој често е критикуван во текстовите, истовремено можеме да го видиме силно присутен и во македонскиот етнонационален контекст и наратив за минатото. Ако во првите броеви доминира револуционерниот наратив на борбата против непријателот, Германија и Бугарија, кои се претставени како непријателски, во следните години овие претстави изоставуваат од содржините за минатото, за да се вратат повторно во информбировски контекст за Бугарија. На тој начин, текстовите промовираат националистички пристап во толкувањето на минатото и поттикнуваат поделби врз основа на идеолошка и етничка основа во зависност од политичката состојба и политика на раководството на КПЈ и КПМ. Ова „сојузништво“ на марксизмот и национализмот во историскиот наратив во

социјалистичка Македонија, но и во целиот Источен блок во Европа ќе биде присутен сè до крајот на осумдесеттите години од 20 век.

И покрај овие карактеристики на содржините на „Македонка“, неопходно е да се укаже на неоспорната улогата што ова списание ја има во промовирањето на погледите за минатото во кои има место и за жената. Се разбира, далеку од сериозен научен и методолошко изострен пристап, но доволен за да го деконструира исклучивиот машки пристап во пишувањето на минатото.